Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 24/08), а во врска со член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен гласник на РМ“ број 91/09) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО КО ДОЛАНИ ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план вон населено место КО Долани Општина Штип според урбанистичка документација изготвена од ЈП „Штип-проект“-Штип со технички број 05/09.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3490/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

351.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

I

Се објавува Одлуката за формирање Локален совет за превенција.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3491/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

352.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), а во врска со член 11 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ број 114/06) и член 21 точка 31 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Член 1

Заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело.

Член 2

Локалниот совет за превенција донесува препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Штип како и препораки за градење доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт и претставник од верските заедници и тоа:

- градоначалникот на Општина Штип – 1
- претседателот на Советот на Општина Штип – 1
- членови на Советот на Општина Штип – 5
- пратеници во Собранието на Република Македонија – 3
- јавен обвинител на Основното јавно обвинителство-Штип – 1
- командир на Полициска станица-Штип – 1
- општински просветен инспектор – 1
- општински инспектор за сообраќај и патишта – 1
- претставник од подрачната единица на Министерство за правда – 1
- претставник од подрачната единица на Министерство за труд и социјална политика – 1
- претставник од областа на здравството – 1
- претставник од верските заедници – 2

Градоначалникот на општината ќе раководи со Советот за превенција.

Административно-техничките работи на Советот за превенција ќе ги води вработен во општинска администрација.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-3491/1 | Совет на Општина Штип |
| 20 октомври 2009 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска, с. р. |

353.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ
СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за основање Совет на млади на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3492/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

354.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ
СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за основање Совет на млади на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/09), во член 3 зборот „седум“ се заменува со зборот „девет“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3492/1 | Совет на Општина Штип
20 октомври 2009 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

355.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОБНОВУВАЊЕТО НА ИЗГОРЕНИОТ ДЕЛ НА МАНАСТИР СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ

I

Се објавува Одлуката за финансиска поддршка на обновувањето на изгорениот дел на манастирот Св. Јован Бигорски.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3493/2 | Општина Штип
22 октомври 2009 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

356.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОБНОВУВАЊЕТО НА ИЗГОРЕНИОТ ДЕЛ НА МАНАСТИР СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ

Член 1

Со оваа одлука се дава финансиска поддршка на обновувањето на изгорениот дел на манастирот Свети Јован Бигорски.

Член 2

Средствата во износ од 200.000,00 денари ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3493/1
20 октомври 2009 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

357.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3494/2
22 октомври 2009 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

358.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Деспина Ристовска за подготовка, публикување и презентација во јавноста на книгата „Танцот на пролетта“ – 5.000,00 денари.
2. Иван Пешев за издавање на неговата книга „Радост да процвета“ – 5.000,00 денари.
3. Радио клуб „Никола Тесла“-Штип за набавка на линеарен засилувач – 30.000,00 денари.
4. Здружение на слепи лица на град Штип за одбележување на Денот на Белиот стап – 10.000,00 денари.
5. Национален совет на жени на Македонија – СОЖМ за матурантите Марија Барабан – 5.000,00 денари и Александар Младенов – 5.000,00 денари од Штип, штитеници во ЈУ Детски дом „11 Октомври“-Скопје.
6. Здружение на Хрвати од Република Македонија-огранок Штип – 10.000,00 денари.
7. Детски парламент на Македонија за Штип и Карбинци средства за предлог-проектот „Кога компјутерот е твој пријател и другар“ за печатење флаери и плакати – 5.000,00 денари.
8. Младински фудбалски клуб „Штип“ за котизација за натпреварување во Есенскиот дел од првенствата сезона 2009/10 на Младинско-пионерска фудбалска школа – 6.000,00 денари.
9. Општински фудбалски сојуз на Штип за котизација за натпреварување во Есенскиот дел на ОФ Лига Штип за 2009/10 првенствена сезона 52.500,00 денари.
10. Ракометен клуб „Текстилец“ за котизација за натпреварување на сениорската и младинските категории на клубот – 20.000,00 денари.
11. Одбојкарски клуб „Младост“ за котизација за натпреварувачката сезона 2009/10 – 50.000,00 денари.
12. Одбојкарски клуб „Младост“ за котизација за натпреварувачката сезона 2009/10 за ОК „Младост“-жени – 40.000,00 денари.

Член 2

Средствата од точка 9 да се уплатат на сметка на Општински фудбалски сојуз.

Средствата од точките 8, 10, 11 и 12 да се уплатат на сметката на соодветната федерација, а доколку се платени по доставена потврда да се уплатат на сметката на соодветниот клуб.

Член 3

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3494/1 
20 октомври 2009 година 
Ш т и п

Совет на Општина Штип 
Претседател 
Сузана Николовска, с. р.

359.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА „8$^{МИ}$ НОЕМВРИ“

I

Се објавува Решението за именување членови на Комисија за награди и признанија „8$^{ми}$ Ноември“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3495/2 
22 октомври 2009 година 
Ш т и п

Општина Штип 
Градоначалник 
д-р Зоран Алексов, с. р.

360.

Врз основа на член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА
НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА „8[ми] НОЕМВРИ“

1. За претседател и членови на Комисијата за доделување награди и признанија „8[ми] Ноември“**се именуваат**:

   За претседател:
- **д-р Зоран Алексов**, градоначалник на Општина Штип

   За членови:
- **Војо Маневски**, член на Советот на Општина Штип
- **Вилма Јованова**, член на Советот на Општина Штип
- **Галаба Вереса**, член на Советот на Општина Штип
- **Ѓорги Николов**, член на Советот на Општина Штип
- **Димитар Ефремов**, член на Советот на Општина Штип
- **Ѓорги Бојаџиев**, член на Советот на Општина Штип

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3495/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

361.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ

ЗА ИМЕНУВАЊЕ КООРДИНАТОР И ЧЛЕНОВИ
НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И
РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА НОВОГОДИШНИТЕ
И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ

I

Се објавува Решението за именување координатор и членови на Координативно тело за изготвување и реализирање на Програмата за Новогодишните и Божиќните празници.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3496/2 | Општина Штип
22 октомври 2009 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

362.

Врз основа на член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ КООРДИНАТОР И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ

1. За координатор и членови на Координативното тело за изготвување и реализација на Програмата за Новогодишните и Божиќните празници **се именуваат**:

   За координатор:
- **Драган Ристов**

  За членови:
- **Снежана Санева**
- **Димитар Љуботенски**
- **Ванчо Санев**
- **Новит Здравев**

- **Ленче Пуздерлиска**
- **Ѓорги Бојаџиев**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3496/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

363.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН
НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување член на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3497/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

364.

Врз основа на член 93 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 36/04), член 2 став 2 од Уредбата за

начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување и командите („Службен весник на РМ“ број 18/06), член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 12/06) и член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН
НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ШТИП

1. Од член на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип **се разрешува** Николче Мицев, помошник на началникот за заштита и спасување од поплави.

2. За член на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип **се именува Тоше Ѓоргиев** за помошник на началникот за заштита и спасување од поплави.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3497/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

365.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА
УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „ВАНЧО ПРКЕ“ – ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување на членовите на Училишниот одбор на ОУ „Ванчо Прке“ – Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3498/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

366.

Врз основа на член 136 став 4, а во врска со став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „ВАНЧО ПРКЕ“ – ШТИП

1. Од членови на Училишниот одбор на ОУ „Ванчо Прке“ – Штип **се разрешуваат**:

- **Станојче Величков**
- **Дивна Трбојевиќ**
- **Силвана Донева**
- **Невенка Кузманова**
- **Благојка Рунчева**
- **Тони Гаврилов**
- **Љубе Здравков**
- **Драган Наунов**
- **Томе Коловски**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3498/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

367.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО ТЕКОТ НА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3499/2 Општина Штип
22 октомври 2009 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

368.

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 28 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО ТЕКОТ НА 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Штип на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3499/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

369.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ШТИП ВО ТЕКОТ НА
ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на Полициска станица Штип во текот на првото полугодие од 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3500/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

370.

Во врска со член 25 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ број 114/06 и 06/09), а врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36

од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ШТИП ВО ТЕКОТ НА
ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на Полициска станица Штип во текот на првото полугодие од 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3500/1 — Совет на Општина Штип
20 октомври 2009 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

371.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА
ВРШЕНИ КОНТРОЛИ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП
ВО ТЕКОТ НА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за вршени контроли на угостителски објекти на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3501/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

372.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВРШЕНИ КОНТРОЛИ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ТЕКОТ НА 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за вршени контроли на угостителски објекти на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3501/1
20 октомври 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

373.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за работата на Одделението за заштита и спасување во 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3502/2
22 октомври 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

374.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 октомври 2009 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за работата на Одделението за заштита и спасување во 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3502/1
20 октомври 2009 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

375.

## Д Е Л О В Н И К
## за работа на Совет на млади на Општина Штип

1. Воведни напомени

Член 1

Со овој Деловник детално се уредува начинот на конституирање на Советот на млади, изборот на претседател на Советот на млади на Општина Штип (во понатамошниот текст Совет) и неговиот заменик, правата, обврските и одговорностите на членовите на Советот, начинот и постапката на донесување на актите на Советот, свикувањето, работата и текот на седниците и други прашања кои се значајни за работата на Советот.

2. Конституирање на Советот

Член 2

Конститутивната седница на Советот ја свикува и со нејзе раководи претседателот од претходниот состав на Совет на млади, се до изборот на нов. Советот е конституиран со изборот на претседател.

На конститутивната седница се избира претседател и заменик претседател, доколку на седницата се присутни мнозинство на членовите.

3. Права и должности на членовите на советот

Член 3

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- Разгледува прашања кои се важни за работата на Советот на млади;
- Донесува Деловник за работа на Советот на млади;
- Го избира и разрешува претседателот на Советот на млади;
- Учествува во работата на Младинскиот парламент и именува свој член во истиот;
- Поднесува предлози до Советот на Општина Штип за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;

- Поднесува предлози до Советот на Општина Штип за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;
- Дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Штип, а кои ги засегаат младите на локално ниво;
- Изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага и донесува Програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на млади на локално ниво;
- Предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;
- Организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските организации од други градови на Република Македонија и
- врши други работи.

Член 4

Членот на Советот на млади ги добива материјалите за темите кои се на дневен ред на седницата на Советот два дена пред одржувањето.

Членот на Советот има право да побара од општинските служби помош во објавувањето на неговата функција и објаснување заради потполно запознавање и следење на проблемот за одредени теми.

4. Права и должности на претседателот
   и заменик претседателот на Советот

Член 5

Советот има претседател и заменик претседател.

Претседателот и заменикот претседател на Советот се избираат со мнозинство гласови од присутните членови.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

Во отсуство или било каква спреченост на претседателот, неговите обврски ги извршува заменик претседателот.

Член 6

Советот донесува одлуки и акти врз база на правата и овластувањата утврдени со Одлуката за формирање на Советот, а ги потпишува претседателот на Советот.

Одлуките и другите акти се чуваат во архивата на општината.

Член 7

Овластен за толкување на одлуките на Советот се членовите на Советот и Советот на општината.

5. Ред на седниците

**Свикување на седниците**

Член 8

Советот одржува седници најмалку еднаш во месецот.

Седниците на Советот ги свикува претседателот.

Претседателот на Советот може да свика и вонредна седница на сопствена иницијатива, а должен е да свика седница и на барање на најмалку една третина од членовите на советот, во рок од 30 дена од приемот на предлогот.

Член 9

Седниците на Советот се свикуваат писмено.

Поканата за седниците и сите материјали кои се однесуваат на предлог дневниот ред им се доставуваат на членовите на советот најмалку два дена пред одржување на седницата.

Поканата и материјалите исто така можат да бидат доставени и по електронски пат.

**Дневен ред**

Член 10

Дневниот ред на седниците го предлага претседателот на Советот.

Во предлог дневниот ред се внесуваат сите предлози кои се дадени од страна на овластените предлагачи.

Дневниот ред на седниците се утврдува на почетокот на седницата.

Претседателот на седницата може да побара измена на дневниот ред или некоја точка да се изостави.

Измени на дневниот ред може да побара и член на Советот. Истата треба да биде ставена на гласање. Истата станува составен дел на дневниот ред доколку биде изгласана со мнозинство од присутните членови на Советот.

Доколку се предлага дополнување на дневниот ред, мора да се обезбеди и материјал за дополнетата точка.

Член 11

При утврдувањето на дневниот ред најпрво се одлучува за тоа одредена точка да се отфрли, а потоа да се додаде. Дневниот ред се утврдува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Откако дневниот ред ќе се утврди, претседателот го објавува истиот.

Член 12

Со седниците на Советот претседава претседателот, а во негово отсуство неговиот заменик.

Во работата на седницата на Советот можат да учествуваат членовите на Советот и други лица кои ги поканил претседателот на Советот, со претходна одлука на Советот.

Член на Советот може да зборува за секоја точка поодделно само по пет минути.

**Тек на седницата**

Член 13

После отворањето на седницата, а пред утврдување на дневниот ред претседателот на Советот го утврдува бројот на присутни на седницата.

Ако претседателот утврди дека на седницата нема кворум за работа, тој ја одложува седницата за друг ден и време.

Седницата ќе се прекини и одложи и во случај кога за време на седницата ќе се утврди дека нема кворум за работа на Советот.

**Одлучување**

Член 14

За донесување на одлуки или други акти на седниците на Советот потребно е присуство на мнозинство на членови.

Одлуките и актите Советот ги носи со мнозинство на гласови.

**Гласање**

Член 15

Гласањето на седниците е јавно.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака. Членовите се изјаснуваат „**за**“, „**против**“ и „**воздржан**“.

Кај утврдувањето на дневниот ред се гласа со „**за**“ и „**против**“.

Членовите ги прозива и гласовите ги пребројува претседателот.

Претседателот на Советот ги објавува резултатите од гласањето.

6. Записници

Член 16

За работата на седниците се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, за изнесените предлози, за учеството во расправата како и за носењето на одлуките.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето по поедини точки.

Секој член на Советот има право да на почетокот на седницата ги изнеси забелешките на записникот од претходната седница.

За записникот за кој нема забелешки, односно за записникот за кој се прифатени измените се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишува претседателот на Советот и записничарот.

Записниците се чуваат во архивата на општината.

Записникот го води овластено лице од Општина Штип.

7. Јавност на работата

Член 17

Седниците на Советот се јавни.

Јавноста мора да ја следи работата на Советот, но не смее да пречи во неговата работа.

За работата на Советот, јавноста се известува по пат на средствата за јавно информирање, web страницата на општината.

8. Завршни одредби

Член 18

За прашања кои не се утврдени со овој Деловник на одговорен начин ќе се применуваат одредби од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип.

Член 19

Овој Деловник стапува на сила од денот на неговото носење од страна на Советот на општината, а се објавува во „Службен гласник на Општина Штип“, на огласната табла и на web страницата на општината.

Совет на млади на Општина Штип
Претседател

Бојан Керeместевски, с. р.

---

СОДРЖИНА


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 343. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на буџетот на Општина Штип за 2009 година | 614/13 |

| | | |
|---|---|---|
| 344. | Одлука за измена и дополнување на буџетот на Општина Штип за 2009 година | 615/13 |
| 345. | Решение за објавување на Одлука за финансирање на Здружение на граѓани „Макфест Штип“-Штип | 647/13 |
| 346. | Одлука за финансирање на Здружение на граѓани „Макфест Штип“-Штип | 647/13 |
| 347. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Јужен реон 1“ дел од УЕ 9, 10 и 11 (9,6ха) Штип - Општина Штип | 648/13 |
| 348. | Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Јужен реон 1“ дел од УЕ 9, 10 и 11 (9,6ха) Штип - Општина Штип | 649/13 |
| 349. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план вон населено место КО Долани - Општина Штип | 650/13 |
| 350. | Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план вон населено место КО Долани - Општина Штип | 651/13 |
| 351. | Решение за објавување на Одлука за формирање локален совет за превенција | 652/13 |
| 352. | Одлука за формирање локален совет за превенција | 652/13 |
| 353. | Решение за објавување на Одлука за измена на Одлуката за основање Совет на млади на Општина Штип | 653/13 |
| 354. | Одлука за измена на Одлуката за основање Совет на млади на Општина Штип | 654/13 |
| 355. | Решение за објавување на Одлука за финансиска поддршка на обновувањето на изгорениот дел на манастирот Св. Јован Бигорски | 655/13 |
| 356. | Одлука за финансиска поддршка на обновувањето на изгорениот дел на манастирот Св. Јован Бигорски | 655/13 |
| 357. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства | 656/13 |
| 358. | Одлука за доделување на финансиски средства | 657/13 |
| 359. | Решение за објавување на Решение за именување членови на Комисија за награди и признанија „8ми Ноември“ | 658/13 |
| 360. | Решение за именување членови на Комисија за награди и признанија „8ми Ноември“ | 659/13 |
| 361. | Решение за објавување на Решение за именување координатор и членови на Координативно тело за изготвување и реализирање на Програмата за | 659/13 |

| | | |
|---|---|---|
| | Новогодишните и Божиќните празници | |
| 362. | Решение за именување координатор и членови на Координативно тело за изготвување и реализирање на Програмата за Новогодишните и Божиќните празници | 660/13 |
| 363. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување член на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип | 661/13 |
| 364. | Решение за разрешување и именување член на Штабот за заштита и спасување на Општина Штип | 661/13 |
| 365. | Решение за објавување на Решение за разрешување на членовите на Училишниот одбор на ОУ „Ванчо Прке“ – Штип | 662/13 |
| 366. | Решение за разрешување на членовите на Училишниот одбор на ОУ „Ванчо Прке“ – Штип | 663/13 |
| 367. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година | 664/13 |
| 368. | Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година | 665/13 |
| 369. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Полициска станица Штип во текот на првото полугодие од 2009 година | 665/13 |
| 370. | Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на Полициска станица Штип во текот на првото полугодие од 2009 година | 665/13 |
| 371. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за вршени контроли на угостителски објекти на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година | 666/13 |
| 372. | Заклучок за усвојување на Информација за вршени контроли на угостителски објекти на подрачјето на Општина Штип во текот на 2008 година | 667/13 |
| 373. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за работа на Одделението за заштита и спасување во 2008 година | 667/13 |
| 374. | Заклучок за усвојување на Информација за работа на Одделението за заштита и спасување во 2008 година | 668/13 |
| 375. | Деловник за работа на Совет на млади на Општина Штип | 669/13 |